# ИМАТЕ ПРАВА!

## КАЖЕТЕ НЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Што е дискриминација?

Како да ја препознаете?

Каде да побарате заштита?

Кога да побарате заштита?

Кои се прописите во РМ?

**ЗА ОПШТЕСТВО БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Македонско здружение на млади правници



КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

„Подигни го гласот за општество без дискриминација“

Македонско здружение на млади правници
ул. „Златко Шнајдер“ 4А/1-3, 1000 Скопје
бесплатна телефонска линија 0800 77 800
Тел. +389 (0) 2 3220 870
contact@myla.org.mk | www.myla.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.724:340.14(497.7)(036)

ИМАТЕ права! : кажете не на дискриминацијата. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2016. - 8 стр. ; 22 см

ISBN 978-608-65968-0-4

а) Дискриминација - Заштита - Правна помош - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 101081866

Овој Прирачник е наменет да ве информира за вашите права за заштита од дискриминација според прописите кои важат во Република Македонија. Прирачникот појаснува што е тоа дискриминација, како да ја препознаете, кога да побарате заштита, каде да побарате заштита од дискриминација и кои правни средства може да ги употребите. Целта на прирачникот е да ги поттикне граѓаните да бараат заштита на своите права и да придонесе за општество без дискриминација.

## ШТО Е ДИСКРИМИНАЦИЈА?

Дискриминацијата претставува нееднаков третман на едно лице или група на луѓе. Основ за различниот третман (однос и постапување) може да биде полот, религијата, националноста, етничката припадност, бојата на кожата, телесната и менталната попреченост, сексуалната ориентација и други карактеристики или определби на лицето, односно групата.

Нееднаквото постапување ги спречува луѓето да ги остварат своите права или да делуваат слободно за разлика од другите луѓе кои не се спречени во остварувањето на своите права во иста или слична ситуација.

***Ситуација 1.***
*При интервју за работа, на лице од женскиот пол е поставено прашање за брачната состојба или планирање на семејство. Секој без разлика на неговата брачна состојба има право на работа!*

***Ситуација 2.***
*При патување надвор од земјата во автобус со 50 патници, неколку лица кои се од ромска  националност се издвоени и  прашувани за причината за патување, за местото каде ќе патуваат, за паричните средства кои ги поседуваатт и побарано им  е  гарантно писмо. Правото на слобода на движење им се гарантира на сите еднакво!*

***Ситуација 3.***
*На дете со попреченост не му е дозволено да посетува редовна настава во основно училиште без придружба на дефектолог кој родителот треба сам да го плати. Образованието е еднакво достапно за сите и секој има право на образование!*

***Ситуација 4***
*Лице припадник на ЛГБТИ заедницата бара стан за изнајмување. Во еден од становите, сопственикот го прашува дали ќе живее сам или со семејството. Тој кажува дека ќе живее со својот партнер. На тоа сопственикот одговара дека станот нема да го издаде бидејќи тоа е зграда каде што живеат семејни луѓе со своите деца. Секој има право на избор на местото на живеење! Секој има право на почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот!*

***Ситуација 5***
*Лице со попреченост не може да пристапи до своето работно место и да ги врши своите работни задачи поради тоа што просторот не е прилагоден и во зградата кеде што е сместана фирмата во која е вработен, влезот нема пристап за инвалидни колички. Секому, под еднакви услови му е достапно секое работно место!*

***Ситуација 6***
*Дете припадник на ромска националност е запишано во училиште каде повеќето од учениците се од друга национална припадност. Детето од соучениците е нарекувано со погрдни имиња, неколку пати е нападнато, и постојано му се вели да се отпише од училиштето. Родителите на детето ги пријавуваат овие настани кај надлежните. По овие пријави ништо не е преземено. Никој не смее да биде вознемируван или понижуван поради етничка припадност!*

***Ситуација 7***
*На лица припадници на одредена националност не им е дозволено да седат во кафе бар, само поради нивната етничка припадност. Секој има право на еднаков пристап до ресторани, кафе барови и други јавни места без разлика на неговата етничка припадност или раса!*

## КАКО ДА ПРЕПОЗНАЕТЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА?

Дискриминацијата е секое ставање во понеповолна положба од другите поради поседување на некоја лична карактеристика, лично уверување или поради припадност на определена група. Дискриминиран е оној човек кој не може да оствари некое право само поради неговата карактеристика, состојба, определба и слично, а друго лице во иста или слична ситуација може да го оствари тоа право.

## КОГА ДА ПОБАРАМ ЗАШТИТА?

Кога сметате дека сте дискриминирани и со Вас се постапува поинаку само поради состојбата во која сте, поради некое ваше уверување – верско, политичко и слично; поради вашата боја на кожа, припадност кон некоја група и слично, тогаш треба да направите нешто. Кажете „Не“ на ваквото постапување и однос.
Постојат повеќе средства за заштита од дискриминација, како и повеќе надлежни институции во Република Македонија.

Според Уставот на РМ: **„Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.**
Дискримнинацијата е забранета со Законот за спречување и заштита од дискриминација, Кривичниот законик, поединечни одредби од други закони и повеќе меѓународни документи кои важат во Република Македонија.

## КАДЕ ДА ПОБАРАМ ЗАШТИТА?

**Комисија за заштита од дискриминација (КЗД)**

Комисијата постапува по претставки на граѓаните кои сметаат дека се жртва на дискриминација. Комисијата носи мислења и препораки. Претставката до Комисијата може да се поднесе преку интернет на веб страната на КЗД каде е достапен формуларот www.kzd.mk , преку пошта или во просториите на Комисијата која се наоѓа на Кеј Димитар Влахов бб, зграда на МРТВ, 20 спрат, 1000 Скопје, РМ.
КЗД дава информации за вашите права и можности за поведување постапка. КЗД може да покрене иницијатива за поведување на постапка пред надлежни органи. Препораките и мислењата на комисијата не се правно обврзувачки - оној кој го повредил вашето право на еднаквост може да не постапи по мислењето или препораката.

## Народен правобранител

Народниот правобранител ги штити слободите и правата на граѓаните и презема мерки за заштита од дискриминација. Секој граѓанин може да поднесе претставка до Народниот правобранител преку електронска пошта (e-mail), преку пошта или во канцеларијата на правобранителот на ул.„Македонија" бр.19 - Скопје, како и во подрачните канцеларии во:

- Куманово (ул.11-ти Октомври бб, тел.031/431-488),
- Кичево (бул.Ослободување бб, тел.045/228-586),
- Битола (ул.Јане Сандански бб, тел. 047/242-310),
- Штип (ул.Тошо Арсов бб, тел. 032/389-701),
- Тетово (ул.Илинденска бр.85, тел. 044/344-082),
- Струмица (ул.Балканска бр.18, тел. 034/329-997).

По поднесена претставка, Народниот правобранител дава препораки, предлози, мислења и укажувања до органот или организацијата која со некое дејстие го повредила правото на граѓанинот. Иако, органите и организациите се должни да постапат по актите на Народниот правобранител, во пракса тоа не е секогаш така.

## Граѓански организации

Постојат повеќе граѓански организации, кои  како дел од невладиниот сектор во Република Македонија обезбедуваат правна помош и даваат правни совети за заштита од дискриминација. Граѓанските организации можат да ве советуваат каде да побарате заштита, да поддржат поведување на судска постапка, да посредуваат за решавање на вашето прашање, да ви обезбедат определена заштита или друго во рамките на нивната работа.

## Адвокати

Во Република Македонија има адвокати кои работат на заштита на човековите права. Адвокатите можат да ви дадат мислење за вашиот случај, правен совет што да преземете и доколку се договорите да го преземат вашиот случај да ве застапуваат пред сите надлежни институции.

**Надлежни судови**

- За заштита од дискриминација може да се поведе граѓанска постапка пред Основните судови во РМ. Постои судска пракса во Република Македонија и пресуди со кои се утврдува дискриминација.
- Уставниот суд може да одлучува по барања за заштита на слободите и правата на граѓаните, за заштита на правото на еднаквост (не дискриминација). Не постои особена пракса и одлуки на Уставниот суд за поднесени барања за заштита од дискриминација.
- Управниот суд може да одлучува по предлог за заштита на слободите и правата кои биле повредени со акт на некој управен орган или со дејствие на службено лице. ). Не постои пракса и одлуки на Управниот суд по предлози за повреда на слободите и правата.
- Заштита на расна или друг вид дискриминација може да се побара и во кривична постапка пред надлежните Основни судови. Кривичната пријава се поднесува до Министерството за внатрешни работи или основните Јавни обвинителства во Република Македонија.
- Европскиот суд за човековите права ги штити правата доколку заштитата не може да биде обезбедена од страна на националните судови, односно во случај кога државата не овозможила заштита на некое човеково право утврдено со Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права. Со конвенцијата се предвидува заштита од дискриминација.Апликација до овој суд се поднесува ако се искористени сите расположливи правни средства во Република Македонија.

**ЗНАЧАЈНО:** За поведување на постапка за дискриминација важно е да постојат докази. Доколку има писмени докази кои ја потврдуваат дискриминацијата треба да се сочуваат. Во случај да постојат сведоци кои можат да потврдат дека постоел нееднаков третман и повреда на вашето право на еднаквост, потребно е да побарате нивен контакт за да можат да сведочат во одредена постапка. Располагањето со докази е неопходно за поведување на било каква постапка.

## КОИ СЕ ЕФЕКТИТЕ?

Целта на пријавувањето и барањето заштита на правата и слободите од нееднаков третман (дискриминаторско однесување и постапување), е утврдување на дискриминација, казнување на оние кои го повредиле вашето право на еднаквост и престанок односно спречување на натамошни дејствија на нееднаков третман. Доколку не се бара заштита

на правата, нееднаквото постапување и пракса ниту ќе престане ниту ќе се намали.
Со пријавување и поведување постапка за заштита на човековите права и слободи од дискриминаторско однесување пред некоја од институциите во делот КАДЕ ДА ПОБАРАМ ЗАШТИТА, можете да барате надомест на материјална и нематеријална штета која сте ја претрпеле. Но, најважно е да се спречи повторување на дискриминацијата не само према вас туку и против било кое друго лице во иста или слична ситуација.

Во случај било која од постапките пред една од надлежните институции во Република Македонија да заврши со негативен резултат постојат механизми за заштита од дискриминација пред домашните органи или меѓународните институции. На пример:

Доколку Комисијата за заштита од дискриминација одлучи негативно по одредена претставка, тоа нема да ве спречи во поведување на постапка пред основните судови!

Доколку домашните судови не утврдат дека постои дискриминација, секогаш постои можност за искористување и поднесување на жалба пред Европскиот суд за човекови права!

**ИМАТЕ ЕДНАКВИ ПРАВА БЕЗ РАЗЛИКА НА:**

**ПОЛ**
**РАСА**
**БОЈА НА КОЖА**
**РОД**
**ПРИПАДНОСТ НА МАРГИНАЛИЗИРАНА ГРУПА**
**ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ**
**ЈАЗИК**
**ДРЖАВЈАНСТВО**
**СОЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО**
**РЕЛИГИЈА ИЛИ ВЕРСКО УВЕРУВАЊЕ**
**ОБРАЗОВАНИЕ**
**ПОЛИТИЧКА ПРИПАДНОСТ**
**ЛИЧЕН ИЛИ ОПШТЕСТВЕН СТАТУС**
**МЕНТАЛНА ИЛИ ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ**
**ВОЗРАСТ**
**СЕМЕЈНА ИЛИ БРАЧНА СОСТОЈБА**
**ИМОТЕН СТАТУС**
**ЗДРАВЈСТВЕНА СОСТОЈБА**
**СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА**
**ДРУГИ ОСНОВИ!**